MINISTRIA E DREJTËSISË
Skopje-Shkup

06-05-2021

19 - 1092/2021

**До: Министерство за правда на Република Северна Македонија**

## **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted], ул.[redacted] бр.[redacted] општина [redacted] тел.070-[redacted], [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Кои независни и професионални институции/правни лица во РСМ имаат акредитација за изготвување и спроведување на психолошки тест и тест за интегритет?
- Дали Центарот за психолошко тестирање “Психометрика” од Институтот за психологија на Филозофскиот факултет при УКИМ поседува акредитација за изготвување и спроведување на психолошки тест и тест за интегритет, и доколку има од кога е таа и до кога важи – со барање да ми ја доставите во фотокопија.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

-фотокопија

Начин на доставување на информацијата:

- по пошта и е-маил

**Потпис**

**Во Скопје,04.05.2021 година**

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-960/2
13-04-2021 год.
Скопје

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] од [redacted] заведено со арх. бр. 03-960/1 од 12.04.2021 година во архивата на Филозофскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, донесувам

# РЕШЕНИЕ

I

Се прифаќа барањето на барателот [redacted] од [redacted] барател на Информација од имателот на пристап до информации од јавен карактер.

Имателот на Информација Филозофски факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје со седиште на бул. Гоце Делчев бр. 9А, 1000 Скопје, за барањето ги дава следните податоците со кои располага:

- Бројот на дипломирани студенти на Институтот за специјална едукација и рехабилитација на прв циклус на студии при Филозофскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје согласно со академските години е следен:

- 2019/2020 – 42 студенти
- 2018/2019 - 32 студенти
- 2017/2018 - 28 студенти
- 2016/2017 - 32 студенти
- 2015 /2016 - 44 студенти

II

Согласно со побараното во доставеното Барањето за пристап до информации од јавен карактер по електронски пат со арх. бр. 03-960/1 од 12.04.2021 година заверено во архивата на Филозофскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, информацијата ќе се достави во форма на електронски запис и истиот на барателот ќе му биде доставен согласно со побараниот начин на добивање на информацијата, односно e-mail.

Составен дел од ова решение е електронскиот запис на бараните информации од јавен карактер.

III

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер арх. бр. 03-960/1 од 12.04.2021 година заверено во архивата на Филозофскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, поднесено од барателот [redacted] до Филозофскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Ректорат – Скопје, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во законскиот предвиден рок спроведе постапка и веднаш се овозможи бараниот пристап на бараните

информации во бараната форма и начин од страна на барателот, по што се донесе решение како во диспозитивот на актот.

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата се поднесува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

По еден примерок од Решението да се достави до барателот на информацијата, одговорното лице на Факултетот и архивата.

Овластено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер
на Филозофскиот факултет

_____________________
Василка Наумоска

Филозофски факултет Скопје
ДЕКАН

_____________________
Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Филозофски факултет Скопје

Vasilka Naumoska <vasilka@fzf.ukim.edu.ml

[redacted]

1 message

[redacted]

Mon, Apr 12, 2021 at 1:35 P

To: "info@fzf.ukim.edu.mk" <info@fzf.ukim.edu.mk>, "prodekannastava@fzf.ukim.edu.mk" <prodekannastava@fzf.ukim.edu.mk>, "fzf@fzf.ukim.edu.mk" <fzf@fzf.ukim.edu.mk>, "fzf@ukim.edu.mk" <fzf@ukim.edu.mk>
Cc: "vasilka@fzf.ukim.edu.mk" <vasilka@fzf.ukim.edu.mk>

Почитувани,

Во прилог ви испраќам прашање поврзано со Институт за дефектологија односно Институтот за специјална едукација и рехабилитација. Побараните информации се потребни за новинарски текст.

Имено, колкав е бројот на дипломирани студенти од првиот циклус на овие студии согласно следните академски години:

- 2019/2020
- 2018/2019
- 2017/2018
- 2016/2017
- 2015/2016

Со почит,

[redacted]

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 12 -04- 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 960/1 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 12-05-2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог. | Вредност |
| 03 | 1136/1 | | |


**ДО**
**Декан на Филкозофски факултет Скопје**
**бул.„Гоце Делчев" бр.9А**
**Скопје**

УП16р.19-1092/2021
Скопје 10-05-2021 година

ПРЕДМЕТ: Достава на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Министерството за правда во прилог на овој допис на Ваше натамошно постапување Ви го доставува Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted] со адреса на ул.„[redacted]" бр.[redacted] во делот за доставување на информација за тоа дали Центарот за психолошко тестирање „Психометрика" од Институтот за психологија на Филозофскиот факултет при УКИМ поседува акредитација и доколку има од кога е и до кога важи, како и фотокопија од истата.

Барањето Ви се доставува согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101 /19).

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр.9, Скопје Република Северна Македонија
389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

веднаш се овозможи бараниот пристап на бараните информации во бараната форма и начин од страна на барателот, по што се донесе решение како во диспозитивот на актот.

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата се поднесува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

По еден примерок од Решението да се достави до барателот на информацијата, одговорното лице на Факултетот и архивата.

Овластено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер
на Филозофскиот факултет

Василка Наумоска

Филозофски факултет Скопје
ДЕКАН

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ